Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-2637/1 од 10.08.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за надлежно постапување поради претходно постапување за предметните наводи.

Предметот со број 12-2637/1 од 10.08.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 10.08.2020 година, доставена е пријава со наводи за незаконитости при финансирање на изборната кампања на коалицијата ----------------------------- за време на предвремените парламентарни избори 2020 година поради непријавени трошоци за закуп на рекламни паноа, како и непријавени трошоци за рекламирање преку социјални мрежи.

По разгледувањето на наводите во пријавата, констатирано е дека за активностите на учесниците во предвремените парламентарни изброи 2020 година ДКСК има спроведено мониторинг на нивните активности, а во однос на обезбедените финансиски средства и направените трошоци за време на кампањата, ДКСК издаде Извештај за утврдени злоупотреби за време на изборната кампања, во кој Извештај не се констатирани неправилностите кои се наведени во пријавата.

Поради горе наведеното ДКСК нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**